FROTCOM®
INTELLIGENT FLEETS

# Анализа на возачкото однесување

## Нема многу работи што влијаат врз трошоците на возниот парк повеќе од возачкото однесување.

---

Ако знаете како се возат вашите возила, може да го подобрите возачкото однесување. Веднаш ќе се намалат трошоците за гориво, издувните гасови, трошоците за одржување и патните несреќи.

*За повеќето возила на пазарот денес, влијанието на еколошкото возење во однос на агресивното врз потрошувачката на гориво може да надмине 30%. Некои студии покажуваат и дека просечната потрошувачка на гориво во возен парк составен од камиони или од комбиња може да се намали во просек за 7% со придржување до соодветно возачко однесување. Огромна заштеда!*




## Како помагаме

**Јасно ви е како возачкото однесување може да влијае врз тековните трошоци на вашиот возен парк. Како да бидете сигурни дека вашите возила се возат во согласност со возачките препораки?**

Со модулот за возачко однесување на „фротком“ ќе може да ги намалите значително овие трошоци. Следете како се возат вашите возила и помогнете им на возачите да го подобрат своето возачко однесување. Ќе има видливи резултати!

Вие ќе бидете во чекор со тоа како се возат вашите возила со анализата на однесување на Фротком за возење. Овој модул ги контролира забрзувањата и сопирањето, работа на мотор во место, а во некои случаи и преголеми вртежи (RPM) и употреба на темпомат.

Вашите возачи ќе добиваат оценка според своето возачко однесување. Така ќе може да ги обучувате, мерите, наградувате и да ги поучувате своите возачи за да се постигнат најдобри резултати.

## Бенефиции

**Намалете ја потрошувачката на гориво**
Просечната потрошувачка на гориво во возен парк составен од камиони или од комбиња може да се намали во просек од 7% со придржување до соодветното возачко однесување.

**Намалете го бројот на незгоди**
Според некои студии, влијанието врз бројот на незгоди е уште поголемо; забележано е намалување од 70%.

**Намалете ги абењето и трошењето**
Ако се избегнува да се вози агресивно, вашите возила ќе бидат позаштитени од абење и од трошење, а тоа значи помали трошоци за одржување и помалку застои.

**Намалете ги трошоците**
На крајот, многу помалку ќе трошите на горивото, гумите, одржувањето и на барањата/осигурувањето за несреќи за вашиот возен парк.

**Намалете го вашиот јаглероден отпечаток**
Последно, но не и небитно, Фротком исто така може да ви помогне да го намалите вашиот јаглероден отпечаток со намалување на километражата и подобрување на однесувањето во возењето.

*„'Фротком' е целосно во согласност со нашите потреби да имаме целосна контрола врз својот возен парк и ни помогна во напорите да го намалиме и испуштањето на издувните гасови на нашиот возен парк“.*

**Филио Микаел (Philio Michael)**
**Администратор за човечки ресурси - TNT Express - Cyprus**

## Како работи

**Секојпат кога возачот ќе забрза или ќе сопре нагло, се испраќа знак за претпазливост до податочниот центар на „фротком“.** Дополнително, се собираат и информации за претерано мирување (премногу време со вклучен мотор и без движење). Исто така, за повеќето камиони на пазарот (како и за некои автобуси и градежни машини кај кои може да се читаат податоци преку таканаречениот стандард „КЕНбас“), „фротком“ може да извади информации за прекумерна туража (прекумерен број вртежи на моторот), температурата на моторот и за користењето на контролата на брзината на возење.

Потоа, „фротком“ ги рангира возачите според квалитетот и траењето на овие пречекорувања. Може да ги прецизирате критериумите за рангирање избирајќи ја тежината на променливите дадени погоре во финалната пресметка. За секој возач и за секое возило, може да ја проверите и да ја споделите детално секоја возачка променлива со возачот.

Така ќе може вие и возачите подобро да сфатите како се користат возилата, типичните пречекорувања на секој возач и кои возачки навики треба да се сменат. Запомнете, разликата меѓу доброто возење (познато и како еколошко возење) и агресивното возење е значителното намалување на трошоците за гориво, издувните гасови, несреќите и одржувањето.

За најдобри **резултати, обучувајте, мерете, наградувајте и поучувајте:**

**1.** Објаснете им ја на своите возачи потребата од поекономично и поеколошко возачко однесување; објаснете ги предностите во однос на намалувањето на трошоците, помалото влијание врз екологијата, поголемото искористување на возилата и помалиот број несреќи.

**2.** Информирајте ги своите возачи дека „фротком“ ќе го следи и ќе известува за возачкото однесување за да се откријат пречекорувањата.

**3.** Обучете ги своите возачи за еколошко возење; ако не сте самите обучени за тоа, има неколку фирми специјализирани за професионална возачка обука што можат да ви помогнат.

**4.** Проверувајте го седмично или месечно модулот за возачко однесување на „фротком“ и анализирајте ги резултатите.

**5.** Ставете ги имињата на најдобрите возачи (на пример, врвните 5) на почесна табла. Размислете за можноста некако да ги наградите, дури и симболично, најдобриот возач или најдобрите возачи.

**6.** Исто така, помогнете им на возачите со најлошата возачка евиденција свикувајќи состанок на кој ќе разговарате за проблематичните моменти во нивното возење и за нивното влијание врз потрошувачката на гориво, механиката, издувните гасови и ризикот од несреќи. Секогаш задолжително испитувајте ги причините за таквото однесување. Не сакате да бидете неправедни.

**7.** Повторувајте го тоа секоја седмица/месец. Евидентирајте го нивното напредување.

## Уреди и додатоци

**Монитор за замор на возачот**

Со овој систем, можно е да добивате предупредувања кога хардверот ќе открие настан за Замор или Расеаност на возачот.

## Други сродни карактеристики што може да ве интересираат

- **Управување со работната сила**
- **Автоматска идентификација на возачите**
- **Контролна табла**
- **Следење на времетраењето на возењето**
- **Управување со горивото**
- **Обука на возачи**

### Анализи на возачкото однесување




Driving behavior analysis 20220523

Интелигентното
**менаџирање на флота**
за вашата компанија.

FROTCOM® INTELLIGENT FLEETS

WWW.FROTCOM.COM